РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 07-84/4
31.01 20 11 год.
Радовиш

07-2080

# ЗАПИСНИК

Од 34-седница седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден 27.12.2010 г. (понеделник) со почеток од 13,00 часот во салата за состаноци во зградата на општина Радовиш.

Присуствуваат 18 членови на Советот на општина Радовиш, оправдано отсутна Марина Митева. На седницата присуствува и градоначалникот на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков и локалните медиуми ТВ Кобра и ТВ ЕМИ.

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов ја отвори седницата и збор се јави Ѓорги Манев.

Ѓорѓи Манев

1. На предлог на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ поради тоа што на на дневен ред имаме суштинските точки за расправа кои се позначајни како што се Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2011 год., Програма за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2011 год. и Буџет на општина Радовиш за 2011 година. бараме да се повлече точката Советнички прашања.

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов го даде на усвојување предлогот на Ѓорѓи Манев на усвојување и истиот едногласно беше усвоен.

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов го даде на усвојување предложениот дневниот ред.

Советот едногласно го прифати дневниот ред.

1. Предлог-Одлука за давање согласност на барателот Даниел Димов од Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1124/1 КО Радовиш;
2. Предлог-Одлука за давање согласност на барателот Церадапласт Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3217/1 КО Радовиш;
3. Предлог-Одлука за давање согласност на барателот Стојан Гоцев од Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1532 и 1529/5 КО Радовиш ;
4. Предлог-Одлука за усвојување на Локална стратегија за млади во општина Радовиш 2010 - 2015 год .;
5. Предлог-Одлука за усвојување на стратешки документ Зелена Агенда-Радовиш;
6. Предлог-Одлука за користење на средства од тековната буџетска резерва;
7. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2011 година
8. Предлог-Програма за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2011 год.;
9. Предлог-Буџет на општина Радовиш за 2011 година .;
10. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2011 година.;
11. Усвојување на Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш.

Точка 1

Предлог-Одлука за давање согласност на барателот Даниел Димов од Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1124/1 КО Радовиш;

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Одлуката за давање согласност на барателот Даниел Димов од Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1124/1 КО Радовиш;

Точка 2
Предлог-Одлука за давање согласност на барателот Церадапласт Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3217/1 КО Радовиш;

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Одлуката за давање согласност на барателот Церадапласт Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 3217/1 КО Радовиш;

Точка 3
Предлог-Одлука за давање согласност на барателот Стојан Гоцев од Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1532 и 1529/5 КО Радовиш ;

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Одлуката за давање согласност на барателот Стојан Гоцев од Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1532 и 1529/5 КО Радовиш ;

Точка 4
Предлог-Одлука за усвојување на Локална стратегија за млади во општина Радовиш 2010 - 2015 год .;

Тања Тодорова
Како член на Комисијата за образование и култура сакам да дадам образложение за стратегијата за млади бидејки мислам дека има потреба од образложение. Оваа стратегија е изработена во склоп на коалицијата на млади СЕГА заедно со општина Радовиш и Агенцијата за млади и спорт. Беа вклучени повеќе групи на млади луѓе и други чинители кои придонеа да произнесат приоритети кој ќе и бидат од корист на младите до 2015 реализација на приоритетите. Воедно ги поздравував и младинските организација кои дадоа свој придонес.

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Одлуката за усвојување на Локална стратегија за млади во општина Радовиш 2010 - 2015 год .;

Точка 5
Предлог-Одлука за усвојување на стратешки документ Зелена Агенда-Радовиш;

Митко Стефанов
На почетокот да казам дека давам подршка меѓутоа насловот е 2011-2015 а внатре имаме визија за Радовиш 2020 год. Внатре има несериозни работи што не треба да содржи еден таков документ. Имено Радовиш ќе биде Шварцвалд ќе се снима Аватар 2, ќе има покриен базен. Ако оваа Агенда е 2011-2015, да не биде Скопје 2014 год. Ми смета еден таков документ кој е 4 годишен а прогнозираме што ќе биде 2020 год. На страна 23 стои Радовиш 11.795 активно население има 8.475 вработени и 3320 невработени. Бројките се обратни ако не слушне некој во европската заедница нема таков просек. Напротив ни половината од тоа не се вработени Тоа се бројки кој некој ги гледа и ќе навалат во Радовиш да се вработуват. Да се корегират бројките.

Тања Тодорова
Не сакам да му аплицирам за првиот дел на советникот а додека за втриот дел не сум компетентна за бројките да одговарам. За првиот дел сметам дека оваа агенда е правена и изготвена од стручни лица, компетентни и во секој документ стратешки има еден дел каде визијата е неизбезна и мора да се предпостави и не се измислени работи и е дел произнесена од групата на луѓе кои работеле на стратегијата. Сметам дека тоа се дел од идеите на граѓаните.

...етот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Одлуката за усвојување на стратешки ...умент Зелена Агенда-Радовиш со напомена Забелешките на Митко Стефанов околу ...ојките да бидат корегирани.

Точка 6
Предлог-Одлука за користење на средства од тековната буџетска резерва;

Ѓорѓи Манев
Како преседател на Комисијата со оваа Одлука се одобруваат средства во износ од 70.000 денари за помош на граѓаните од с. Злеово кои штети од поплавата во Септември на 14 лица по 5.000 денари.

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Одлуката за користење на средства од тековната буџетска резерва.

Точка 7
Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2011 година

Митко Стефанов
Три документи кои се донесуват годишно значајни за советот се Буџетот, Програмата за уредување на градежно земјиште и Програмата за јавно осветлување. Ние како совет треба да расправаме и дополнуваме као да ги распоредуваме средствата. Мислам дека оваа програма е мегаломанска и со желби. Програма да зголемиш со 41 % од предходната година од каде средства, додека ланската беше 60.641865 денари, а за 2011 година 85.570.608 днари. не знам колку е раеализирана програмата за 2010 година и од каде ќе ги најдеме средствата. Ако погледнете во програмата во делот изградба и асфалтирање на улици стои ул. во Габрешко Маало. Ако погледнете и во програмата во 2010 стои пак Габрешко Маало дали се работи за други или за исти улици. Дали не е остварено за 2010 година а е ставено во 2011 год. Пак стои с.Злеово, с.Подареш. 5.000.000 за подареш се многу дали за исти улици или за нови улици станува збор. Во делот на локални патишта незнам колку е остварено во предходната година има од 1 до 10 а во сегашната програма 1 до 9. Само исфрлена е првата точка завршување на пат зас. Бучим. Значи ништо не е направено и наништо даваме дупло ништо. Мислам дека сме одговорни и граѓните се интересират за уредување во нивното населено место и мислам дека е многу 41 % зголемување.

Билјана Теохарева Филипова
Како кординатор на советничката група на СДСМ зошто ќе ја прифатиме програмата. На комисијата беше разгледувана програмата и досега сите поставени советнички прашања и барања на граѓаните беа вклучени во програмата. Никогаш нема да бидеме против барањата и во целост ќе ја прифатиме програмата. Ако сето се направи тоа Радовиш ќе личе на убав европски град и ние сите што седиме тука ќе го заслужиме местото кое што го имаме. Само да не остане програма на хартија, оваа е преубаво не може ние да не го подржиме . Ако е програма само нахартија следната година ќе бараме отчет колку од програмата е завршено и кој е одговорен до колку е ставено да имаме нешто.

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба реконструкција и одржување на комунални објекти и локални патишта во општина Радовиш за 2011 година

Точка 8
Предлог-Програма за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2011 год.;

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Програмата за урбанистичко планирање на општина Радовиш за 2011 год.;

Точка 9
Предлог-Буџет на општина Радовиш за 2011 година .;

Ѓорѓи Манев
Буџетот за 2011 година изнесува 385.863.035 денари кои се остваруваат од даночни, неданочни, трансфери и други приходи на власта. Основниот буџет 174.088.455 денари е развоен буџет дека 53% се наменети во инвестиги и инфраструктура, а додека 47 % се за тековно оперативни трошоци. Срествата остварени со Буџетот ќе се финансираат надлежностите на советот на општината, градоначалникот, општинската администрација и програмските активности планирани во програмите и подпрограмите коисе составен дел на буџетот. Со буџетот се финансираат платите, останатите тековно оперативни трошоци, социјалната заштита, основното и средното образование и активноститр на ТППЕ. Заативностите на ЛЕР се планирани 851.331 денари. Комисијата со дадените забелешки го прифати Буџетот за 2011 год.

Билјана Теохарева Филипова
Како што спомна и споветникот Митко Стефанов дек а буџетот е најстратешки документ на општината. Според Законот Буџетот на советниците бтреба да досвеп најмалку две недели на разгледување додека ние финалнта верзија ја добивме 10 мин. пред почетокот. Кои се причините за тоа јас ќе дадам одредено образложение како член на Комисијата. Буџетот се состои од многу програми кои некои беа завршени некои не, посебно ќе се надоврзам на основното образование значи одредени директори не го испочитуваат договорот да навремено го доствата финансискиот план за да може буџетот се сработи. Некои од директорите навремено ги доставија и ги разгледа комисијата и едногласно ги прифати. Меѓутоа имаше одредени збалешки во основното образование се со цел да и се помогне на децата и образованието биде функционално. После забелешките на Комисијата одредени директори не најдао засходно да го испочитуваат Соивстот и Комисијата и не ги достави финасовите планови за да може буџетот да биде завршен. Иако во многу прилики советот и има излегувано во пресред. тие не го направија тоа одедени директори во основното образование. ниту еден него прифати тоа што и го предложи комисијата и до ден денешен го прифатија тоашто го налага комисијата. Бидејки се оваа паретиски ваши директори сакам да напоменам дека сите директорите треба да имаат одредени атрибути на однесување. Денес одредени ваши директори ги прекршија сите ваши норми, и за жал го закочија буџетот на општина Радовиш.
Во однос на буџетот ние цело време дискутираме дека е преамбиоцезен буџет и стариот буџет беше преамбициозен на секој ребаланс зборувавме дека е извршен 15-30 за да дојдеме до 50 посто на реализација на буџетот. Ние не успеваме да извршиме ни половина од буџетот а сега правиме буџет со 30 милиони повеќе од лани. Какви ни се тие апетити. Според се што е најважно од се покрај инвестициите во програмата каде имаме најголемо зголемување.
1. Кај платите на општинската администрација 4.000.000 денари. Значи покрај новите вработувања ние имаме уште 8 нови вработувања значи 13 нови вработувања. Потребата од тие вработувања ја знаеме сите и поголем дел од тие вработувања немаат ни место за седење камоли да работат. Буџетот од тие партиски вработувања е оптоварен со 4.000.000 денари. Покрај новите вработувања се зголемени и средствата за дневници, патувања, репрезентација, телефон и телефакс, набавка на прехрамбени продукти и мебел, секаде каде можеме да манипулираме. Не може да се согласам со претседателот на Комисијата дека овој буџет е наменски, значи не наменско трошење што не и помагаат на граѓаните. Граѓаните сакат да видат подобрување на инфраструктурата на голем дел други работи. Не сакаат расходи, дневници телефони и репрезентации. Во самиот буџет гледаме дека се планирани 30.000.000 денари од концесијата на рудникот Бучим. Имам сознание дека ги има уплатено тие средства и зошто општината до денешен не ги повлекла тие средства, знам што ќе ми одговори дека во ѓрашање се обврзници и имаме голем број на општsини кои имале обврзници се снашле и се слеат парите. Парите од 2010 ги префрламе во 2011 година или тоа се пари од 2011, јас мислам дека се тоа пари од 2010 година. А ги планираме во буџетот за 2011 година. Пет до 12 овие советници не можеа да го разгледат буџетот за жал ние кординаторите со претседателот го имавме и сега ние можеме да збориме и

,ероватно тука сме за кревање на раци и во тој случај нека биде така и ние ќе бидеме против и Заклучок за ненаменско трошење на парите на граѓаните на општина Радовиш.

Митко Стефанов

Мислам дека треба озбилно да ја сватиме ситуацијата ние советниците кога се расправа за стратешки документ и треба да се треше општинската администрација која го предлага буџетот бидејќи ние сме тие што ги застапуваме интересите на граѓаните и донесуваме одлука. Како да се соберат, да се распоредат и како да се трошат средствата на граѓаните. Ние сме ставени пред свршен што е нонсенс кој треба да расправаме за него уназад пред два месеци и сме ставени пред чин да мора да го изгласаме бидејќи ги знаеме последиците доколку не се донесе. На една обука за советници како финансиер. Таму беше кажано дека буџетот е најважна активност активност на советот во текот на годината. Некој ќе каже дека доставуваме барања до МЗ до здружение за да ни достават предлози за буџетот, тоа терк на буџетот . Комисијата за буџет треба да соберат и да ни кажат што е прифатливо а што не е прифатливо за буџетот. Буџетот го немам видено, но треба да има образложение за 2011 година во кој ќе се каже колку теже 323.757.662 а сега е 385.863.035 денари или за цели 19 % плус. И овој буџет е многу мегаломански за ваша информација буџетот на Струмица е за 10,5 % зголемен, а на Штип 11 %. А ние одиме за 19 %. Треба да има образложение колку тежи, колку се блок дотации, самофинансирачки активности колку се и колку се средствата на буџетот тоа треба да го иаме во текст и во табела. Со законот за буџети од 2005 има три дела: општ дел, посебен дел и развоен дел. Развојниот дел треба да има дел во кој се планира и за наредната година. Мислам дека таков документ ни фали

Советот на општина Радовиш со 11-ЗА и 7-ПРОТИВ го прифати Буџетот на општина Радовиш за 2011 година.

Точка 10

Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2011 година.

Советот на општина Радовиш со 11-ЗА и 7-ВОЗДРЖАНИ ја прифати Одлуката за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2011 година.

Точка 11

Усвојување на Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш.

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ги усвои Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш одржана на ден 27.12.2010 година :

-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина 31 седница одржана на 22.12.2010 година и продолжение на 27.12.2010 г.:

-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој 30 седница одржана на ден 23.12.2010 година и продолжение на 27.12.2010 година;

-Комисија за земјоделие 1-ва седница одржана на ден 27.12.2010 година;

-Комисија за образование, спорт и култура 17 седница одржана на ден 23.12.2010 год.;

Со исцрпување на Дневниот ред, седницата на Советот заврши во 15.00 ч.

Совет на општина Радовиш
претседател
Сашко Ни[illegible]